РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број:02-635/36
Датум: 21.3.2018 г.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 46 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, Наставно-научниот совет на седницата одржана на 21.3.2018 год. донесе

# ОДЛУКА

за роковите за одбрана на магистерски трудови

1. Студентите запишани на некоја од студиските програми на втор циклус студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии заклучно со учебната 2012/2013 година (прва акредитација), ако сакаат да ги завршат започнатите студии според наставната програма што ја запишале, должни се да го предадат изработен својот магистерски труд најдоцна до 15.9.2018 година.
2. На студентите од точка 1 на оваа одлука кои во рокот утврден со точка 1 нема да ги предадат своите магистерски трудови им престанува статусот на студент на втор циклус студии на Факултетот.
3. Во случај кога студентот сака да продолжи со своите студии може да се префрли на една од тековните студиски програми од втор циклус студии според правилата што важат на денот на запишување со еквиваленција на положените предметни програми на почетокот на зимскиот или летниот семестар.
4. Одлуката да се достави до: ННС, Службата за студентски прашања, продеканот за настава, секретарот, веб страницата на ФЕИТ и архивата.

Декан
Проф. д-р Димитар Ташковски

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Факултет за електротехника и информациски технологии Република Македонија СКОПЈЕ